24595

ČLAN MEĐUNARODNE ORGANIZACIJE — FIBEP
pres-kliping • press-clipping
(Osnovano 1952. godine)
JUGOSLOVENSKA NOVINSKA AGENCIJA DOKUMENTACIJE
NOVINSKO IZDAVAČKO PREDUZEĆE
PRESS PUBLISHING ENTERPRISE
Beograd — Knez Mihajlova 2/IX — Pošt. fah — P. O. Box 95,
Tel. 621-578 — žiro račun — Current Account: 60801-601-3289.

Isečak iz lista / Newspaper cutting: НОВА МАКЕДОНИЈА, СКОПЈЕ
24. X. 1978, 11407/9

### СКОПСКИТЕ ИСКУСТВА СО КУЛТУРНАТА АКЦИЈА НА СЕЛО

# РЕЗУЛТАТИ ШТО ОХРАБРУВААТ

**УСПЕСИТЕ ШТО СЕ ПОСТИГНАТИ ВО ОВАА АКЦИЈА ВО СКОПСКО ВО ИЗМИНАТИВЕ ЧЕТИРИ ГОДИНИ ВО ЦЕЛОСТ ГО ОПРАВДУВААТ НЕЈЗИНОТО ПОКРЕНУВАЊЕ. ФОРМИРАНИ ПОВЕЌЕ КУЛТУРНО-УМЕТНИЧКИ ДРУШТВА И ФОЛКЛОРНИ ГРУПИ, ОРГАНИЗИРАНИ НЕКОЛКУ ИЗЛОЖБИ, УСПЕШНИ ЛИТЕРАТУРНИ КАРАВАНИ, КОРИСНИ КУРСЕВИ**

КУЛТУРНАТА акција на село во нашата Република право на граѓанство доби во 1974 година. Од покренувањето до денес во разни општини и региони таа добиваше и содветни текови и димензии. Овај пат ќе се обидеме да посочиме на најзначајните придобивки на тој план остварени во Скопје.

За почетоците и за првичните определби при покренувањето на културната акција во нашиот главен град е карактеристична интенцијата на истата да и се даде што е можно поголем организиран карактер. Притоа, покренувачите како своја основна задача ја прифатија потребата од создавање потребни услови за нејзино успешно одвивање. Оваа определба непрекинато провејуваше низ сите зафатени носечки пунктови.

Веднаш да нагласиме дека организаторот на акцијата — Културно-просветната заедница на градот преку зацртаните активности настојуваше да помогне во намалувањето на експлозивните размери на миграцијата село-град. За таа цел е овозможено формирање на голем број културно-уметнички друштва на село. Така, на пример, за изминативе неколку години откако постои културната акција на село, се формирани културно - уметнички друштва и фолклорни групи во повеќе села. Кога почна акцијата во скопско постоеја друштва само во селата Драчево и Петровец, додека сега веќе ги има и во селата Долно Соње, Ракотинци, Сопиште, Белимбегово, Волково, Буковиќ и Јурумлери, а групи во Радуша, Рашче, Кучково и други места. Формираните друштва оствариле досега забележителна активност не само во населбите од кадешто потекнуваат и работат, туку и пошироко.

ВО АКТИВНОСТИТЕ што ги афирмира културната акција на село во скопско беше формирањето општествени културни центри. Во скопско веќе и работи еден таков центар во Белимбегово, кој е формиран во 1977 година. Освен тоа, се создадени услови за конституирање на вакви центри и во селата Волково, Колонија Идризово, Драчево, Ракотинци и Буковиќ. Нивното конституирање е само прашање на време, односно тоа е повеќе од формален карактер. Имено, се чека само на одлуките на општините на чијашто територија се наоѓаат наведените села.

Од почетокот на културната акција на село во скопско во склопот на ова своевидно културно движење секоја година се организира и литературен караван. Во него учествуваат писатели, преведувачи, се прикажуваат филмови, се ангажираат библиобуси во кои издавачките куќи нудат свои изданија по намалени цени. На тој начин книгата и се популаризира меѓу селското население. Во просек годишно на тој начин се посетуваат 10 до 15 села.

Културно-просветната заедница на градот во соработка со соодветните културни институции, а во рамките на акцијата досега организираше и повеќе подвижни изложби во неколку села. Една таква изложба што е организирана во соработка со Музејот на современата уметност на Скопје сега се одржува во селото Сандево.

ЗНАЧАЕН АСПЕКТ на културната акција на село во скопско е и посетата на културно-уметничките друштва од градот во околните села. Преку посетите на овие друштва не само што се одржуваат нивни настапи, туку тие воспоставуваат потесни врски со младите, од кое нешто подоцна се јавуваат иницијативи за формирање на вакви друштва и во селата.

Мошне корисна придобивка на акцијата се и разновидните курсеви што се организирани по селата. За илустрација ќе ги наведеме курсевите за описменување на возрасните, курсевите и предавањата од областа на земјоделството, курсевите за шиење. Особено успешен беше курсот по шиење за жени домакинки. Жените што најуспешно ги завршуваат курсевите по шиење добиваат дипломи, со кои подоцна и се вработуваат во некоја соодветна работна организација во градот. Тоа се резултати што навистина охрабруваат.

(В. М.)